


RENOVA PUTZ

# RENOFIX НИВЕЛМАСА

## ЦЕМЕНТЕН ИЗРАМНУВАЧ / МАСА ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ И НИВЕЛИРАЊЕ

**Задолжително придржувајте се до техничкото упатство!**

**ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА:**

Материјал за израмнување и нивелирање разни подови, подготовка за поставување керамички плочки, разни паркети, линолеум, теписони, израмнување подови во гаражи итн.

**СОСТАВ:**

- Цемент
- Додатоци кои ги подобруваат карактеристиките на обработката (хидраулички врзувачи, адитиви и посебни полначи)

**ОСОБИНИ:**

- Минимален притисок врз подлогата
- Погодно за подно греење
- Бргу врзува

**ПРИПРЕМА НА ПОДЛОГАТА:**

Подлогата што се обработува мора да биде сува, исчистена од прашина, отпадоци и маснотии Исто така површината мора да биде рамна и да нема пукнатини или било какви ситни отвори низ кои може да поминува воздух и да создава меурчиња. За таа цел пред да се излие нивел масата целата површина се премачкува со бетон контакт.

**ПРИПРЕМА НА МАТЕРИЈАЛОТ:**

Припремата на материјалот е брза и лесна. Една вреќа од материјалот се меша со 6-6,5 литри чиста вода додека да се добие хомогена, течна смеса без грутки и без меурчиња (појава на меурчиња значи дека во смесата има воздух). После 5 минути смесата се промешува уште еднаш и потоа се распределува врз чистата површина. Материјалот машински се припрема со машината за малтер Skure-Tech S4.

**ОБРАБОТКА И УСЛОВИ НА ОБРАБОТКА:**

Материјалот може да се нанесува рачно (со излевање на материјалот од кофа) кога се работи врз помали површини, или машински со машината Skure-Tech S4, доколку се нанесува врз поголеми површини. Дебелината на слојот треба да изнесува мин. 5 мм. Доколку е потребно, површината од излиената смеса може да се корегира со глетарица. После нанесувањето на смесата, потребно е да се обезбедат оптимални услови за сушење и стврднување на истата (заштита од смрзнување, пребрзо сушење; директно изложување на сончевите зраци и влага). Не смее да се употребува на температури пониски од +5°C. Не смее да се меша со други материјали.




**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:**

Содржи цемент и вар. Ги иритира кожата и очите. Доколку дојде до ваков случај, кожата и очите да се исплакнат со чиста вода.

**ИСПОРАКА:**

Во книжни вреќи од 25 кг. кои се заштитени од влага. 

**СКЛАДИРАЊЕ:**

Да се складира во суви простори, врз дрвени палети. Време на складирање е 6 месеци.

| Технички податоци: | |
|---|---|
| Број на производот: | 5319990620293 |
| Шифра на производот: | 1000 NM |
| Вреќи на палета: | 42 |

# RENOFIX НИВЕЛМАСА

| | |
|---|---|
| Гранулација: | 0,6 mm |
| Потребна количина на вода: | 6-7 л./вреќа |
| Мин. дебел. на слојот: | 5 mm |
| Потрошувачка: | са 1,2-1,5 кг/м$^2$ за дебелина на слојот од 1 мм |
| Напомена: | Вредностите на потрошувачката се апроксимативни и многу зависат од подлогата и техниката на вградувањето |
| Цврстина на притисок (EN 1015-11): | после 28 дена: 22 N/mm$^2$ |
| Цврстина на свиткување (EN 1015-11): | после 28 дена: 7 N/mm$^2$ |
| Отпорност на стеснување 28 дена (EN 13872): | 0,131 % |
| Литар. тежина 28 дена | 1,88 g/l |
| Разлевање врз бетон со Вицат прстен | EN 12706 |
| Време на врзување (EN13409): | ca 30 min. |
| Можност на облагање | ca 1 d. |
| Проодност: | после 5 часови (во зависност од температурата) |

## Општи упатства:

COMPANY CERTIFIED BY

EN ISO 9001

Certificate No: **FM 503328**

Со оваа листа сите претходни податоци за материјалот се не важечки.Овие податоци одговараат на нашите сегашни испитувња. Од овие податоци не може да произлезе правна обврска. RENOVA производите како и сите содржани сировини подлежат на постојана, континуирана проверка заради остварување на постојан, ист квалитет. Нашите технички советници ви стојат на располагање по прашањата за примена, обработка, како И презентација на нашите производи. Актуелна состојба на нашите технички податоци можете можете да ја побарате во продажбата или да ј а најдете на нашиот веб сајт : www.renova.com.mk како



❶ ЧИСТЕЊЕ НА ПОДЛОГАТА



❷ ПРИПРЕМАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛОТ



❸ ЛИЕЊЕ НА МАТЕРИЈАЛОТ



❹ КОРЕКЦИЈА НА ИЗЛИЕНИОТ МАТЕРИЈАЛ

RENOVA PUTZ | www.renova.com.mk

RENOVA Џепчиште, Тетово, Македонија | Tel.: 044 487 300 | Факс: 044 487 200 | info@renova.com.mk
RENOVA Гуреза, Урошевац, Косово | Tel.: 00381 290 323 311 | Факс: 00381 290 396 396 | renova_ferizaj@hotmail.com
RENOVA Воре, Тирана, Албанија | Tel.: 00355 48 301 909 | Факс: 00355 48 301 908 | renova.tirana@hotmail.com